Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е членка на Асоцијацијата на Ректорскиот форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан - Rector’s Forum of Southeast Europe and Western Balkans. Ректорскиот форум е асоцијација која е основана во 2018 година и вклучува повеќе од 35 универзитети – членки од регионот. Оваа асоцијација е посветена на засилување на соработката помеѓу универзитетите во делот на високото образование, науката и истражувањето, мобилности, и пред сѐ е насочена кон поддршка на Берлинскиот процес и процесите на европска интеграција на земјите од регионот во делот на високото образование.

Освен на универзитетско ниво, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ е член на Европската асоцијација на правни факултети - European Law Faculties Association (ELFA). Европската асоцијација на правни факултети вклучува повеќе од 150 правни факултети од Европа и од светот. Асоцијацијата претставува меѓународен форум во којшто се дискутираат теми поврзани со правна едукација и една од главните цели е да ги промовира стандардите за правна едукација преку соработка со владините агенции и други образовни институции во Европа и на меѓународно ниво.

Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е дел од уште една меѓународна мрежа Innovative Translational Network во рамките на проектот „REINSER - Transnational network for the economic integration of refugees, asylum seekers and persons with subsidiary protection through social entrepreneurship“, во која членуваат универзитети од Словенија, Италија, Грција, Босна и Херцеговина и Хрватска, во рамките на Јадранскиот Регион. Мрежата се стреми да го охрабри учеството на бегалците и барателите на азил во социјалното претприемништво со цел побрзо вклучување во пазарот на трудот.

Во контекст на регионалните асоцијации и мрежи, Правниот факултет при УГД има склучено Меморандум за соработка со Регионалната канцеларија за соработка за млади (Regional Youth Cooperation Office), кој претставува независен институционален механизам основан од страна на балканските земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Целите на оваа канцеларија се промоција на соработката и градењето на мирот преку поддршка на процесите на едукакција и преку поддршка и поттик на активно учество на младите во нив.

Универзитетот преку CEEPUS програмата стана дел од следниве меѓународни мрежи:

- BG-1103-08-2324, Modelling, Simulation and Computer-aided Design in Engineering and Management
- BG-1801-01-2425 (Umbrella), “Western Balkans on Crossroads of United Europe”
- HU-0028-17-2324, Active Methods in Teaching and Learning Mathematics, Informatics and their Applications
- PL-1509-04-2324 (Umbrella), Internet of Things and Teleinformatics - ITT network
- RO-0010-19-2425, Teaching and Learning Bioanalysis
- RS-0065-19-2425, Metrology, quality and environmental aspects in Industry 4.0
- RO-0202-17-2324, Implementation and utilization of e-learning systems in study area of production engineering in Central European Region
- RS-0065-18-2324, Intelligent Automation for Competitive Advantage
- RS-1815-01-2324, Greening Project Management for a Sustainable World: Developing and Empowering a New Generation of Changemakers
- RS-1816-02-2425, Reinforcement of research, professional, and education capacities for application in sample preparation of various origins before the corresponding analysis
- SK-1516-05-2425, BioScience, Food and Health

1.4 **Високообразовна дејност на академискиот кадар на универзитети во странство, визитинг-наставници**

За извештајниот период од академскиот кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се ангажирани:

- проф. д-р Марија Амповска беше ангажирана на друг универзитет, и тоа на Правен факултет при Универзитетот во Источно Сараево, Босна и Херцеговина;
- Сабатна година на проф. д-р Билјана Попеска се одвива на Факултет за хуманистички, образовни и социолошки науки, Оддел за образование и социјална работа при Универзитетот во Луксембург;
- асс. Паулина Апостолова од Факултетот за медицински науки во периодот од 8.9.2023 до 14.10.2023 година користеше грант од Проектот COST Action CA19114, Network for Optimized Astatine labeled Radiopharmaceuticals (NOAR) во Нант, Франција;
- доц. д-р Марија Крстева од Филолошки факултет во период од 1.10.2023 до 31.12.2023 година е дел од Универзитет во Жежов, Полска, како дел од програмата на Вишеградскиот фонд;
- Сабатна година на проф. д-р Мартин Лукаревски, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, од 1 октомври 2023 до 31 декември 2023 година се одвива на Институт за математика на Techniscje Universitat Berlin, Германија;
- проф. д-р Александра Милева, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, врши високообразовна дејност како онлајн визитинг-професор на Vilnius University Šiauliai Academy, Литванија;
- Проф. д-р Сања Ристески на Факултетот за технички науки во Чачак при Универзитетот во Крагуевац, Р Србија, да врши настава на прв циклус на студии во учебната 2024/2025 година, на студиска програма Инженерство и дизајн на облека по предметот: „Конструкција на облека 2“.
- проф. м-р Антонијо Китановски, ноември 2023, визитинг-професор на Жејанг конзерваториумот во Ханџо, Кина.
- На Универзитетот во Варшава, Полска, во периодот од 9 до 12 мај 2024 година, по покана од Факултетот за право и администрација при Универзитетот во Варшава, професор д-р Марија Амповска од Катедрата по граѓанско право и професор д-р Кристина Мишева од Катедрата по деловно право од Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржаа серија предавања на тема: Вовед во македонското приватно и јавно право, пред студентите во рамките на Школа за право на Источна Европа и Централна Азија.
- Со проектот „УГД – Чекор кон светот“ (волумен 2) во кои во соработката со Скопје танцовиот театар оствари гостување на 8 јуни 2024 година на „Share“ фестивалот, во Театар ЛАБ во Братислава, Словачка.
- Во април и мај 2024 година, студентите имаа можност да соработуваат со повеќе меѓународно познати професори и кореографи, и имаа повеќе работилници за современ танц, со што имаа можност за надградба и уметнички развој. Соработката беше остварена со Антон Брукнер универзитетот од Линц, Австрија, Кралскиот конзерваториум од Хаг, Холандија, и уметници од Словачка и Италија.
- Студентите на трета годинии студии на современ танц, имаа можност за престој во Холандија во ноември 2023 година, каде што посетуваа настава на Ротердамската танцова академија при КОДАРТС универзитетот, и работеа со повеќе млади короеграфи.
- Проф. д-р Мартин Лукаревски, Научен престој на Техничкиот Универзитет Берлин, 1.10.2023 – 31.12.2023.

- Проф. д-р Мичо Апостолов, Студиски престој на University of Turin | Università degli Studi di Torino - Department of Management (SAA - School of Management).

Визитинг-професори од други универзитети кои се ангажирани:

- Визитинг-професор Marcin Rafał Burzec, октомври 2023, од Lublin University, Лублин, Полска;
- Визитинг-професор Māris Jurušs from the Faculty of Engineering Economics and Management, Riga Technical University, Latvia, ноември-декември 2023;
- Визитинг-професори за учебната 2023/2024 година и тоа: Д-р Јовица Васин, проф. д-р Стефан Георгиев Драгоев, проф. д-р Дарина Вълчева и проф. д-р Драгомир Вълчев, на Земјоделскиот факултет.
- Проф. д-р Стелијан-Емилијан Олтеан од Faculty of Engineering and Information Technology на Универзитетот „George Emil Palade“ во Р Романија
- проф. д-р Антонио Курадо од Политехнички институт во Виана до Кастело (Instituto Politécnico de Viana do Castelo), Португалија.
- проф. д-р Драган Красиќ, редовен професор на Стоматологија – Медицински факултет при Универзитетот во Ниш, Р Србија, за визитинг-професор на Факултетот за медицински науки;
- проф. д-р Хориа Барбу, редовен професор на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Тиму Мајореску“ во Букурешт, Романија, за визитинг-професор на Факултет за медицински науки, за студиската 2022/2023 година;
- д-р Јовица Васин, од Институт за ратарство и повртарство – Нови Сад, за визитинг-професор на Земјоделски факултет, за студиската 2022/2023 година;
- проф. Стефан Георгиев Драгоев од Department of Technology of Meat and Fish Plovdiv Bulgaria за визитинг-професор на Земјоделски факултет, за студиската 2022/2023 година;
- проф. д-р Бела Балинт, академик, професор емеритус, редовен професор, доктор, член на Српската академија на науки и уметности (САНУ), за визитинг-професор на Факултетот за медицински науки, за студиската 2023/2024 година за унапредување на наставно-научната работа од областа на трансфузиологијата;

## 7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

Структурата на буџетот на Универзитетот е релативно стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2023 година е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Вториот по големина извор на средства се уплатите од студентите, кои се намалени во последните години.

Вкупната актива на Универзитетот на крајот од 2023 година е зголемена за 9.371.642.00 денари во однос на претходната година и изнесува 2,58 милијарди денари и во поголем дел (87,2%) се состои од постојани средства во износ од 2,2 милијарди денари и во помал дел (12,8%) парични средства и побарувања (320,5 милиони денари).

На универзитетот побарувањата и паричните средства се еднакви на краткорочните обврски (оптимална тековна ликвидност се постигнува кога тековните средства, намалени за залихите, се еднакви со краткорочните долгови).

Побарувањата во просек се наплаќаат за половина месец, а обврските се наплаќаат за 6 месеци.

Вкупните приходи во 2023 година се зголемени за 15,3% во однос на претходната година и изнесуваат 972,6 милиони денари и во поголем дел (70,3%) се состојат во трансфери и донации во износ од 683,3 милиони денари и помал дел (29,7%) е по основ на неоданочени приходи во износ од 289,3 милини денари.

Вкупните расходи изнесуваат 730,2 милиони денари, за 17,1% повеќе од расходите во претходната година и во најголем дел (96,6%) се состојат од тековни расходи. Вкупните приходи, како и во претходната година, ги надминуваат вкупните расходи, така што субјектот во двете ценети години прикажува приходи во висина од 242,4 милиони денари (220,4 милиони денари во 2022).

Универзитетот има надоптимална финансиска стабилност и оптимална тековна ликвидност.[1]

| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | 596.246.313 | 718.283.774 | 843.832.682 | 972.629.724 |
| Расходи | 483.301.237 | 535.260.170 | 623.409.518 | 730.188.029 |

За извештајниот период од 1 октомври 2022 година до 1 октомври 2023 година приходите и трошоците на сметката на прв циклус студии (788-18) е прикажана во следната табела. Во истата табела се прикажани и вкупните вредности за сите сметки од сопствен приход за истиот извештаен период.

| Сметка на прв циклус студии (788-18) | |
|---|---|
| Приходи 2023 год. | 227.798.262.00 |
| Трошоци 2023 год. | 149.434.936.00 |
| Вкупни вредности за сите сметки од сопствени приходи | |
| Приходи 2023 год. | 484.659.338.00 |
| Трошоци 2023 год. | 268.374.597.00 |

1 Извадок од Информација за економско-финансиска состојба, Република Северна Македонија, Државен Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Централен регистар на Република Северна Македонија, Сектор за водење регистри, регистар на годишни сметки, Регионална канцеларија Штип, број, 0905-28/90, 3.9.2024 г.

**Одделение за јавни набавки**

Планираните активности за работа од 1 октомври 2023 год. и заклучно со 1 октомври 2024 год. се реализирани согласно со Годишниот план за јавни набавки и измените на Годишниот план за јавни набавки во текот на 2024 година.

Постапките се спроведувани согласно со новиот Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.24/2019) и правилници за примена на Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.64/2019; бр.271/2019; бр.225/2019; бр.250/2019; 263/2019; 13/2020; 15/2020).

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за 2024 година е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2024 г., бр. 0201-1281/3 од 29.12.2023 г.

Во текот на 2023/2024 година, односно за периодот од 1 октомври 2023 до 1 октомври 2024 година извршени се измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година и на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година со следните одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година бр. 0201-1064/17 од 31.10.2023 година;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година бр. 0201-179/4 од 8.2.2024 година;
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година бр. 0201-644/23 од 6.9.2024 година;

– **Краток преглед на спроведени постапки**

За спроведените постапки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип го даваме следниот табеларен преглед по видови на постапки и по видови на договори спроведени со Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019):

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 5 | / | / | 5 |
| Поедноставена отворена постапка | 17 | 21 | 3 | 41 |
| Набавка од мала вредност | 11 | 7 | / | 18 |
| Постапки со преговарање | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 33 | 28 | 3 | 64 |

Во извештајниот период вкупно се реализирани и завршени 64 постапки, со склучени договори за истите.

Во табелата се вклучени 10 постапки од 2023 година кои се спроведени по Годишниот план за 2023 година и измените на Годишниот план за 2023 година.

Постапките кои ќе се објават до крајот на 2024 година ќе влезат во Извештајот за 2024/2025 година.

- **Активности за ресертификација**

Ресертификацијата, согласно Законот за јавни набавки за добивање потврди (лиценци) кои им овозможуваат да работат во јавните набавки на вработените во Одделението за јавни набавки, ја заврши успешно во 2023 година и истите потврди се со важност до 2026 година.

- **Активности на вработените во Одделението за јавни набавки**

Спроведувањето на јавните набавки се одвиваат целосно преку Електронскиот систем за јавни набавки. Тоа подразбира дека сите дејствија од планирање на набавките, објавување на огласи, поднесување на понуди, јавно отворање на понудите и евалуација, донесување на одлука за избор/поништување, како и известувањата за склучени и реализирани договори и целокупната комуникација со сите учесници во постапките се спроведува преку ЕСЈН во електронска форма.

Сите вработени од Одделението за јавни набавки континуирано ги следат и сите новини поврзани со начинот на спроведување на набавките преку ЕСЈН.

Во текот на 2024 година вработените посетија две обуки за јавни набавки, чии предавачи беа лица вработени во Бирото за јавни набавки и Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Како резултат на одговорното и посветено работењето во Одделението за јавни набавки и успешната соработка и разбирање со ректорот, проректорите и генералниот секретар на Универзитетот, во досегашните извештаи кои се објавени од страна на Бирото за јавни набавки за следење на ризиците во јавните набавки и потенцирање на можните коруптивни практики при спроведување на постапките, нашата институција не е во категориите на индикаторите (црвени знаменца) за ненавремено и несовесно спроведување на јавните набавки.

- **Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)**

Сите класори се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршената самоевалуација за 2023/2024 година класорите ќе бидат сместени во метални ормари.

За постапките кои се спроведени во период од 2015 до 2022 година целокупната архивска граѓа се чува во метални ормари во Ректоратот на Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип. Архивската граѓа за постапките спроведени во период 2008-2014 година е уништена согласно со согласноста добиена од Архив на РСМ.

За постапките за 2023 и 2024 година комплетната електронска архива се генерира во Електронскиот систем за јавни набавки и истата е со можност за пребарување за последните три години.

- **Семинари и стручни усовршувања**

Вработените во Одделот за јавни набавки континуирано посетуваат обуки, семинари и работилници од областа на јавните набавки.

Во 2024 година имаа можност да посетат две обуки поврзани со практична примена на Законот, новини и иновативни алатки во ЕСЈН, како и да разменат искуства со договорни органи и економски оператори во врска со спроведувањето на постапките за јавни набавки.

- **Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување**

Во Одделението за јавни набавки се вршат континуирани обуки на вработените во рамките на Одделението и тоа:

- Почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- На секретарите/советниците за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- На советниците/виши соработници за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

- **Соработка со економските оператори**

Одделението за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сè, Одделението им стои на располагање на економските оператори во однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Информатичко-технолошкиот капацитет со кој располага УГД е логистичка поддршка на студентскиот живот заедно со студентскиот сервис. Логистичката поддршка за студентите главно се изведува преку Секторот за ИКТ и Секторот за е-индекс, како и Одделението за е-учење.

Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со современа информатичка и телекомуникациска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро.

Центарот е поделен на две одделенија:

- Одделение за системска и мрежна администрација,
- Одделение за средства и техничка поддршка.

Главни точки во работата на Центарот за анализираниот период се:

- СИКТ во изминатиот период располагаше со одреден буџет за обнова на дел од корисничката и системската ИТ инфраструктура и буџет за сервис и одржување на веќе постојната стара инфраструктура и обнова на лиценци.

Планираните буџетските средства и поголем дел на сопствени средства во вредност од 7.080.000 денари (со ДДВ) беа искористени за набавка на ИТ опрема, и тоа:

- работни станици со монитори;
- активна мрежна опрема (Switch) за замена на тековната застарена по систем собите на факултетите;
- преносни компјутери;
- мултифункциски уреди;
- проектори;
- активна мрежна опрема (Firewall) за поврзување и подобрување на квалитетот на врските со кампусите од оддалечените локации – градови (Скопје, Струмица, Кавадарци);
- уреди за непрекинато напојување на помошната ИТ локација Кампус 2 каде се врши и бекап на податоци.

Буџетски средства во вредност од 200.600 и 4.000.200 денари (со ДДВ) беа, исто така, искористени за обновување на сервисите за фиксна телефонија и интернет пристап со врски до градови (Скопје, Струмица, Кавадарци, Гевгелија).

Останатиот ангажманот во делот за јавни набавки се спроведуваше врз база на буџетскиот план и потребите на Универзитетот. Според овој план и потреби се спроведоа следниве јавни постапки:

- Одржување на оптички инсталации во рок од една година за санација на прекини на оптичките патеки во сопственост на УДГ кои се предизвикани од правни и физички лица;
- Мајкрософт кампус лиценци и ажур резервирани инстанци за тековната 2023/2024 година со рамковен договор во времетраење од 1 година. Количините на лиценците се приспособуваат според промените на политиката за лиценцирање и според потребите на Универзитетот;
- Осигурување на ИТ-опрема во дата-центар;
- Сервис и одржување на ИТ-инфраструктурна опрема;
- Сервис и одржување на печатачи и друга ИТ-опрема.

Процесот на одржување на останата опрема и инфраструктура се одвиваше константно со употреба на стандардни рутински процедури.

Ангажманот во делот на електронските сервиси на СИКТ продолжи со константен интензитет во делот на следењето и одржувањето на виртуелната околина, креирањето на тимови (предмети) и групи за настава, одржување на страна и сервис за собирање и приказ на наставни активности на далечина за професорите, одржување на сигурноста при најавата на вработените и студентите преку мултифактор автентикација.

СИКТ беше вклучен и во процесот на планирање и специфицирање на миграција на тековниот студентски сервис е-индекс. Неговата застареност, отежнато одржување и слаба сигурност создаваат потреба за развој на ново решение со понови технологии кои ќе бидат во тренд со современите побарувања.

Соработката со Институтот за јазици од Филолошки факултет е продолжена на ниво на креирање и одржување на кориснички профили, групи и тимови за настава за странски лица кои одат на курсеви по јазик и имаат намера да студираат на УГД.

### 8.1. Опис на состојба со информатички базирани услуги

Секторот за е-индекс функционира со етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010 г. платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставничкиот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти на прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите на втор циклус и на трет циклус се започна од академската 2020/2021 г и денес е функционална во голем процент.
Одделението за е-учење од неговото формирање (септември 2009 г.) до денес работи успешно, применувајќи ги новите технологии и ресурси во начинот на работа и во процесот на образование. Одделението овозможува континуирано учење, како и применување на ИТ-алатки во секојдневните процеси на едукација и за наставниците и за студентите.

Во извештајниот период беа направени определени активност за подобрување на корисничкото искуство и за студентите и за вработените на Универзитетот:

- Модул за пријавување и прием на странски студенти – се однесува на имплементација на целосно нов модул и функционалности за пријавување и прием на странски студенти на Универзитетот, како во однос на курсевите по македонски и англиски јазик, организирани од страна на Институтот за јазици, така и во однос на процесот на прием на странски студенти во прва студиска година, независно дали се работи за конкурс или прием по основ на префрлување од други високообразовни институции;
- Изработен е сервис за нотификација во однос на акредитациите на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии;
- Функционирање на системот на една приходна шифра – технички системот е подготвен за ова;
- Можност за генерирање на диплома за втор циклус на студии;
- Генерирање на додаток на диплома за втор циклус на студии;
- Генерирање на диплома за трет циклус на студии;
- Генерирање на додаток на диплома за трет циклус на студии;
- Имплементирана е функционалност за автоматизирано известување / нотификација на наставничкиот и соработничкиот кадар, вработен и хонорарно ангажиран, за прв, втор и трет циклус на студии во случај на доделување и одземање на привилегии во е-индекс по која било основа преку е-пошта, на службената е-адреса од УГД,
- Подобрена е формата за оценување на неоценети пријави од страна на професорите (прв циклус на студии);

- Имплементиран е сервис за автоматско информирање на наставникот / наставниците / студентот при ажурирање на оценка во електронскиот систем;
- Имплементирана е функционалност за оценување на активности на 2/3 циклус на студии од страна на менторот задолжен за студентот;
- Имплементирана е функционалност за лимитирање на бројот на менторства во делот на дипломски, магистерски и докторски студии согласно актите на институцијата;

## 9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за практика и работни места.

Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската практика преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава.

### Активности на Центарот за кариера

- Организирање и реализирање на настан „Кариерен ден на УГД“ со учество на над 40 компании во формат изложување на штанд: презентирање на компаниите и на нивните отворените работни позиции, како и директна интеркација на претставниците на компаниите со присутните студенти. Настанот го посетија повеќе од 800 студенти на УГД, како и дополнителни заинтересирани лица.
- Ажурирање на база – АЛУМНИ. Алумни базата се ажурира тековно со вклучување на новите дипломирани студенти од сите единици на УГД од прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот. Содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти се споделуваат во рамки на алумни базата до сите членови.
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој продолжува активно да ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на практики наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Аналогно на алумни базата, се креира база на институции од јавен и приватен сектор со кои соработува Универзитетот, која овозможува напредна, брза и ефикасна комуникација и споделување информации од интерес меѓу Универзитетот и овие институции, со цел посредување во активностите на поврзување на студентите со нив.

- „Стипендии за најдобрите“ – е активност на Центарот за кариера преку која, во соработка со компании од приватниот сектор кои покажуваат општествена одговорност, им се доделуваат стипендии на најдобрите студенти од различни факултети на УГД, во зависност од примарната дејност на компаниите. Во оваа активност тековно се вклучени компаниите: „Бучим“, „Боров дол“, „Taskforce“ и „Superior Dispatch Service“, а стипендиите се однесуваат на студенти од: Факултет за природни и технички науки, Економски факултет, Медицински факултет и Филолошки факултет.
- Беа организирани неколку предавања – мастер класови и посети на компании во рамки на активноста „Студентите учат од бизнисот“, вклучувајќи ги компаниите: „Пекабеско“, „Винчини“, „Џонсон Мети“, „НЛБ“, „Taskforce“, наменети за студенти од повеќе факултети на УГД.
- Презентации на отворени работни позиции на повеќе компании директно пред студентите на соодветните факултети, со непосредна комуникација на претставници на компаниите и студентите, со цел поддршка на процесот на вработување на студентите.
- Работилница и обука на тема „Запознавање со ESG принципот на работење“ наменет за студентите, како од техничките факултети, така и од општествените науки.
- Учество во обука за „Стручен кадар – ментори за спроведување на практична настава кај работодавачи“.

## 10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес. Секоја единица при Универзитетот негува соработка со клучни компании од соодветната област. Дел од факултетите вклучуваат учество на истакнати експерти од индустрискиот сектор во наставата. Посетата на индустриски капацитети од различни области помага во развојот на практични вештини кај студентите. Владините институции се клучни за развојот на вештините кај општествените науки. Соработката со здравствените установи, клиничките болници, институтите за јавно здравје, поликлиниките, амбулантите за потребите на студентите од Факултетот за медицински науки е важна за нивното образование.

Соработката не е само на национално ниво, туку има и факултети кои имаат соработки со компании од Грција, Бугарија, Германија, Србија и други европски земји.

- Универзитетот „Гоце Делчев“ и компанијата „HR Potentials Makedonija“ потпишаа Меморандум за соработка, 23.9.2024;
- Универзитетот „Гоце Делчев“ и Фондацијата „Викимедија МКД“ потпишаа Меморандум за соработка, 4.6.2024;
- ФФ - Меморандумот за соработка со Асоцијацијата на претпријатија „Конфиндустрија Северна Македонија, 23.11.2023;
- ЗФ - 21 декември 2023 г. Потпишан меморандум за соработка и формирана „Алијанса за дигитална транзиција во земјоделство и индустрија на храна“. AgFutura Technologies претставувана од м-р Благоја Муканов, во соработка со Земјоделски факултет - Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, претставуван од декан проф. д-р Емилија Арсов, како и Сојуз на стопански комори на Македонија претставувана од г. Горан Ѓоргиевски, поддржан од Green Growth Platform, претставувана од д-р Наташа Ристовска, и проф. д-р Владимир Трајковиќ, го иницираа формирањето на „Алијанса за дигитална транзиција во земјоделство и индустрија

на храна“.

- ЛА - Потпишан меморандум со Националната академија за уметност во Софија, Бугарија и Ликовната академија, од Универзитетот Гоце Делчев, Штип,
- МА - меморандуми за соработка со Македонска опера и балет,
    - Аудиокултура и
    - ДМУЦ „Илија Николовски – Луј“.
- МФ - Потпишани меморандуми за соработка и извршување на практиканска работа со компаниите: МИКРОСАМ увоз-извоз ДОО Прилеп, и СВАРОГ ДООЕЛ Прилеп;
- ПФ - Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Здружение на правници ЛЕГАЛ ТИНГ – Штип;
- ПФ - Меморандум за соработка помеѓу Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Здружение на граѓани СОС Детско Село.
- ТТФ - Имако вино екскулзив ДОО - договор за соработка склучен на ден 17.10.2023 година.
    - МАК ПРОГРЕС ДОО – Виница договор за соработка на ден 2.4.2024 год.
    - Фондација прогресив академија договор за соработка на ден 2.4.2024 год.
- ФИ - РАЦИО ГРУП ДООЕЛ Куманово,
    - 3Д ХАБ Скопје,
    - Digital Node,
    - Фондација ЦЕЕД ХАБ Скопје,
    - Здружение за дислекција Ајнштајн.

- ФТБЛ - Меморандум за соработка со Халк осигурување А.Д. Скопје.
    - ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп.

## 11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на извештајниот период се обележаа 17 години од формирањето на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Беше донесена Одлука за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, и тоа:

Пофалница (во тврда форма и во хартиена форма А4) во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето со просек над 9,00 и вредносен ваучер во нето износ од 10.000,00 денари се додели на следниве студенти:

- Тамара Бочварова, Факултет за природни и технички науки, 9.341
- Марија Стојанова, Музичка академија, 9.717
- Стефан Јакимовски, Електротехнички факултет, 9.475
- Александра Ристова, Правен факултет, 9.415
- Александра Апостолова, Машински факултет, 9.146
- Сабрина Ангелова, Земјоделски факултет, 8.500
- Викторија Коцева, Филмска академија, 8.97
- Марија Лонгурова, Економски факултет, 9.925
- Даниел Цоневски, Факултет за информатика, 9.950
- Ирена Вучкова, Факултет за медицински науки, 9.887
- Марија Ѓошева, Филолошки факултет, 9.800
- Сузана Мицева, Филолошки факултет, 9.800
- Ивана Ивановска, Ликовна академија, 9.796
- Стојанова Наталија, Технолошко-технички факултет, 8.92
- Стефан Манов, Факултет за образовни науки, 9.725
- Филип Пржовски, Факултет за туризам и бизнис логистика, 9.000
- Елеонора Левкова, Факултет за медицински науки, 9.709
- Захарије Заков, Факултет за медицински науки , 9.014

Благодарница беше доделена на пензионираните лица (во период од април 2023 до март 2024 година):

- Проф. д-р Невенка Лабан Гучева – редовен професор на ФМН;
- Проф. д-р Тодор Серафимовски – редовен професор на ФПТН;
- м-р Снежана Кирова – виш лектор на Филолошки факултет;
- Павлинка Митева Павлова – советник за доживотно учење;
- Цвета Димитриева – советник за библиотечно работење;
- Јасминка Јорданова – хигиеничар;
- Ленче Димитрова – хигиеничар;
- Тодорка Трнинкова – хигиеничар;
- Слободан Јовев – возач.

Благодарница беше доделена на следниве институции и лица:

- Медицински факултет при Универзитет во Ниш, Р Србија;
- Проф. д-р Драган Красиќ, редовен професор на Стоматологија, Медицински факултет при Универзитетот во Ниш, Р Србија;
- Агростарт – Куманово, претставувана од директор Бубе Трајковски;
- н.е. Андреа Силвестри – актуелен амбасадор на Република Италија во Македонија;

- Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Институт за Современи композити и роботика од Прилеп (придружна членка на УГД);
- Бранко Азески – претседател на Стопанска комора на РС Македонија
- Халк Банка АД – Скопје
- г-ѓа Верица Чулаковска
- Проф. м-р Ѓеорги Мицанов
- Титан Цементарница „УСЈЕ“ АД – Скопје
- УНДП – Програма за развој на Обединетите нации
- Проф. д-р Томислав Таневски
- Мисија на ОБСЕ во Скопје
- Биро за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите при Амбасадата на САД во Скопје;
- Одбојкарски клуб УГД – Штип.

На Универзитетот беа доделени и промени следните плакети и признанија:

- Проф. д-р Ана Витанова-Рингачева е добитник на признание Европска жена на годината за 2023 од Делегацијата на Европската Унија во Македонија, со номинација од Амбасадата на Кралството Шведска во Македонија.
- Деканот на Факултет за туризам и бизнис логистика, проф. д-р Татјана Бошков доби признание за особен придонес во туризмот од страна на Државниот секретар на Министерството за економија, м-р Размена Чекиќ – Дуровиќ, по повод Светскиот ден на туризмот 27 септември 2023 год.
- проф. д-р Биљана Балабанова, 8 Ноември - Признание за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип од областа на технички науки, признание од Општина Штип.
- Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип доби Плакета од Центарот за развој на Југоисточен плански регион, што се одржа на 1 декември 2023 год.
- ЕТФ – Додели плакета на А.Д. ЕСМ

**ОПЦИОНИ ЕЛЕМЕНТИ**

## 1. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Универзитетскиот Спортски и Културен Центар е активен дел од Универзитетот Гоце Делчев-Штип, и истиот е одговорен за организирање и поддршка на спортските и културните активности за студентите и вработените при УГД. Во периодот од 1.10.2023 -1.10.2024 година, извештај за спроведени спортски активности:

**Реализација на наставата по предметот Спорт и Рекреација во академската 2023 - 2024 година**

- Наставата по предметот Спорт и Рекреација се реализира во спортската сала Јордан Мијалков-Штип, со сите студенти од прва година, по групи и факултети;
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација од Наставен Центар-Струмица;
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација од Наставен Центар-Скопје;
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација од Наставен Центар-Штип;
- Учество на студентите во куглање во куглана Мусандра-Скопје од Наставен Центар –Скопје, кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација;
- Учество на студентите во стрелање со воздушна пушка во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“-Скопје, од Наставен Центар-Скопје, кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација.
- Учество на студентите на атлетска трка (Ноќна трка, по повод ослободување на град Штип), Наставен центар-Штип, кои имаат настава по предметот Спорт и Рекреација.
- Организирање на студентите од прва година по групи од сите факултети, спортско пешачење по патеката на кеј на река Брегалница.
- Реализацијата на наставата по предметот Спорт и Рекреација се изведува и координира со професорот по Спорт и Рекреација.

**Учество на атлетски манифестации како УГД тим.**

- Wizz Air маратон-Скопје, октомври 2023 година, зедоа учество 55 студенти и вработени, 44 студенти и вработени на 5 км, 10 студенти и вработени на 21 км и 1 студент на 42 км. Освоено 2 место во атлетската трка Тим билдинг 5 км-жени, од вкупно пријавени 235 екипи.
- „Го сакам Кавадарци”-Кавадарци атлетска манифестација во која зедоа учество 32 студенти и вработени, 23 студенти и вработени на 5 км, 8 студенти и вработени на 10 км и 1 студент на 21 км. Освоено 3 место во поединечна категорија -мажи.
- Авицена - женска трка-Скопје ,зедоа учество 30 студенти и вработени при УГД.
- Superior Runs- Штип, атлетска манифестација на 5 км во која зедоа учество 31 студенти и вработени при УГД.
- „Трка на Поезијата”-Струга атлетска манифестација на 5 км во која зедоа учество 16 студенти и вработени, освоено 3 место екипно- мажи.
- По повод 8 ноември-Ден на ослободување на Штип, десет студенти во машка конкуренција учествуваа на традиционалната „Ноќна трка”при што студентите постигнаа одлични резултати во конкуренција за возрасни ги освоија 1,2,3 место.
- November run Gevgelija – 2024, атлетска манифестација во која зедоа учество 23 студенти и вработени,18 студенти и вработени на 5 км и 5 студенти и вработени 10 км.

- Атлетските трки се организираат во сабота или недела зависно од терминот на самата организација.
- Организирањето и координацијата на атлетските трки ја спроведува професорот по Спорт и Рекреација.

**Планинарски тури организирани и подржани од Универзитет Гоце Делчев-Штип**

- Планинарска тура со студентите и вработените,, Дуфскиот водопад- с. Ростуше-манастир Свети Јован Бигорски-Мавровско Езеро, во соработка со планинарското друштво Лисец-Штип, зедоа учество 90 студенти и вработени при УГД.
- Планинарска тура Водно-Скопје, организирана во рамките на наставата по предметот Спорт и Рекреација, во истата учествуваа 147 студенти од прва година од сите факултети при УГД.
- Планинарска тура „Дојди на Кожуф", Запознај го регионот, врв Момина Чука 1851м, во соработка со Факултетот за Туризам и Бизнис Логистика, зедоа учество 23 студенти и вработени.
- OUTDOOR FESTIVAL-JA САКАМ ПЛАЧКОВИЦА, планинарска тура и спелеолошка акција посета на пештерата,, ЌУП" во соработка со планинарското друштво Лисец-Штип, каде зедоа учество 15 студенти и вработени при УГД.
- Планинарските тури се организираат сабота или недела зависно од терминот на самата организација.
- Организирањето и координацијата на планинарските тури ја спроведува професорот по Спорт и Рекреација.

**Државни Универзитетски Спортски Лиги**

Како член на Универзитетската Спортска Федерација, студентските екипи при УГД учествуваа во неколку спортски дисциплини:

- Одбојка мажи, зедоа учество 12 студенти , освоено 2. место.
- Одбојка жени, зедоа учество 12 студенти, освоено 3. место.
- Футсал мажи, зедоа учество 12 студенти.
- Ракомет мажи, зедоа учество 12 студенти, освоено 3. место.
- Ракомет жени, зедоа учество 12 студенти, освоено 3. место.
- Кошарка мажи, зедоа учество 12 студенти ,освоено 2. место.
- Куглање,(маж-жени), зедоа учество 23 студенти од УГД, во женска конкуренција освоено 1. и 2. место.
- Стрелање со воздушна пушка, зедоа учество 25 студенти од УГД.
- Тенис, зедоа учество двајца студенти од УГД.
- Шах, учествуваше УГД тим од 4 студенти, во поединечна конкуренција освоено 3. место.

Учество на ракометната екипа мажи на спортската манифестација, Денови на Универзитетскиот Спорт во град Битола.

УГД учесник на Спортските натпревари во организација на Универзитетската Спортска Федерација. Овие натпревари се организираат во текот на неделата од понеделник до петок во зависност од термините кои ги закажува самата Студентска Федерација. Организирањето и координацијата на спортските игри ја спроведува професорот по Спорт и Рекреација.

**Поттикнување и развој на спортот**

Покрај наведените активности и вредности, односно платформи за поттикнување и развој на спортот и спортските активности кај студентите, има уште една значајна предност а, тоа е промоција на врвен професионален спорт, вклучување на професионални спортски екипи кои се натпреваруваат во Прва Лига на РС Македонија, во неколку спортови:

- Одбојка (мажи), одбојка (жени), кошарка (мажи), кошарка (жени), карате.
- Спортските екипи одбојка (мажи), одбојка (жени), кошарка (мажи), кошарка (жени), карате, своите тренинзи ги изведуваат во спортската сала „Јордан Мијалков“ - Штип.
- Покрај наведените активности, студентите имаат и слободни термини од понеделник до петок за спорт и спортски активности во спортската сала „Јордан Мијалков“ - Штип, кои активности се координирани со професорот по Спорт и Рекреација.

## 2. ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ

Во извештајниот период беа реализирани активности за помош на студентите на Универзитетот.

1. Беше организиран интерен Оглас за избор на студенти од ранливи категории и студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за студиската 2023/2024 година. Со овој Оглас право на учество имаше секој студент кој запишал зимски семестар на прв циклус студии во студиската 2022/2023 година, кој припаѓа на некоја од следниве наведени категории и тоа:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените;
   - починат родител;
   - еден родител кој го загубил родителското право;
   - едниот родител е непознат;
   - двајца студенти со родители со минимална месечна плата.

2. Беше организирана активност за помош на талентираните студенти запишани како редовни студенти на прв циклус студии во 2024/2025 година. Во оваа категорија на студенти спаѓаат студентите што имаат освоено минимум 40 ЕКСТ од своето студирање и имаат среден (просечен) успех од над 9.5.

**Ректор,**
**проф. д-р Дејан Мираковски, с.р.**

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ